ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Датум: 24.11.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Пулт за информации во подрачна служба Скопје

ФЗОМ сака да ја информира јавноста дека во подрачната служба Скопје има пулт за информации на кој граѓаните и осигурениците може бесплатно да ги добијат сите потребни информации во врска со сите услуги на ФЗОМ. Истовремено, би сакале да потенцираме дека лицата кои работат на пултот се обучени да им помогнат на осигурениците во пополнување на сите потребни формулари, доколку имаат потреба за тоа. Формуларите, кои се потребни за остварување на некои право, се **БЕСПЛАТНИ**.




Пулотот за информации и за помош за пополнување на документи се наоѓа веднаш на влезот во подрачната служба и е видно означен како пулт за информации.

Забележано е дека пред просториите на подрачна служба Скопје има лица кои им наплаќаат пари на осигурениците за да им пополнат формулари. Токму затоа, овој апел има за цел да ги информира осигурениците дека во ФЗОМ има посебно лице во видлива црвена униформа на ФЗОМ, на посебен пулт за информации и пополнување документи.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

ФЗОМ е посветен на правилно организирање на работата на подрачните служби и води сметка осигурениците да не бидат оштетени и да бидат предмет на манипулација на лица кои ги лажат осигурениците и им земаат пари за услуги кои се бесплатни.

Сите формулари се достапни на нашата веб страница www.fzo.org.mk  во делот (обрасци за осигурените лица) и истите може да се отпечатат. За секој образец постои и упатсво како истиот да се пополни, како и документи кои се потребни да се приложат за бараната услуга.